**РЕЗИМЕ ЗА ПРОЕКТОТ**

| | |
|---|---|
| Назив на проектот | Зајакнување на медиумските слободи во Северна Македонија |
| Поддржано од | Netherlands Helsinki Committee (NHC) and Free Press Unlimited (FPU) |
| Програма | MATRA Rule of Law programme of the Dutch Ministry of Foreign Affairs |
| Улога на ЗНМ | Партнер за спроведување на проектот во РСМ |
| Вкупен буџет | EUR 31,000 |
| Грант од донаторот: | EUR 31,000 |
| Период на реализација | 1 август 2022 – 30 јуни 2023 |
| Територија | Северна Македонија |
| За проектот | **Резиме** |
| Контекст | Судските реформи остануваат горлива тема во локалниот контекст на Република Северна Македонија (РСМ) и котираат високо на политичката агенда во земјата. Ова беше потврдено и од темелната проценка направена во првата фаза од овој проект што го спроведуваше ЗНМ од март до декември 2021 година. Националното истражување укажа на неколку клучни заклучоци: Реформите во правосудството одат бавно и поддршката од граѓанските организации може да биде од помош во процесот; Новинарите и претставниците на правосудните институции се подготвени да соработуваат, а тоа е потребно за да се зголеми довербата и нивото на професионалност; транспарентноста во судството останува еден од главните предизвици и преку активна соработка со новинарите и соработка на заеднички акции, може да има значително подобрување.<br><br>Трендот на тужби против новинари во 2021 година покажува нагорна тенденција и за прв пат ЗНМ забележува SLAPP тужби кон новинарите од кои некои се иницирани од лидери на политички партии. Во неколку високо профилни случаи (случајот за 27 април 2017 година во кој беше нападната поголема група новинари во и пред Парламентот на РСМ) во кои новинарите беа тужители ги загубија случаите во првостепените судови, но од друга страна во декември 2021 година ЗНМ го доби првиот случај во Република Северна Македонија со судска пресуда против за лицето обвинето за ширењеговор на омраза на социјалните мрежи, што покажува дека има негативни но и позитивни примери.<br><br>Кога станува збор за безбедноста на новинарите, има помалку случаи на закани и напади врз новинари во споредба со претходната година (во 2021 година ЗНМ евидентираше 5 случаи за кои јавно реагираше). И покрај тоа, нивото на неказнивост останува исклу- |

| | |
|---|---|
| | чително високо, што се гледа и преку многу малиот број случаи кои резултирале со судска пресуда во корист на новинарите во последните години. |
| Цел | Општата цел на проектот е да придонесе кон создавање средина во која слободата на медиумите и слободата на изразување се почитуваат и можат да се остварат без страв и притисок. Проектот особено се фокусира на градење на капацитетите и на новинарите и на актерите од правосудната фела за да развијат поефективен одговор на случаите на заплашување и закани. |
| Целни групи | Новинари кои известуваат за судски теми; Претставници од судството/ обвинителството |
| Очекувани резултати | - Подобрена соработка, дијалог и размена на мислења помеѓу целните групи за подобрување на институционалната рамка за заштита на слободата на изразување/медиумите и безбедноста на новинарите |
| Key activities / Носечки активности | • Промоција на Националната студија<br>• Потпишување на Меморандум за соработка помеѓу ЗНМ и Судско-медиумскиот совет,<br>• Подготовка на Упатство за етичко известување (како да се известува за судски случаи и теми поврзани со работата на судовите и обвинителите, како и основен речник на термини што ќе се користат во извештаите во медиумите)<br>• Организација на 4 еднодневни настани со претставници од судството/обвинителството и новинари кои известуваат за судски теми<br>• Организација на 4 еднодневни настани со новинари и членови на Новинарскиот форум за да се разговара за важноста од следење на етичките и професионални стандарди кога станува збор за известување за судските случаи<br>• Учество на проектниот тим и претставници на ЗНМ на состаноци со повеќе засегнати страни и други поврзани активности организирани од FPU и NHC<br>• Учество на проектниот тим на ЗНМ на настани за градење капацитети и состаноци со претставници на холандското здружение на новинари (NVJ) организирани од FPU и NHC. |